ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-154/8**

**Дата: 09.06.2010**

ДО

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ
„НАРОДЕН ХЕРОЈ ОРДЕ ЧОПЕЛА„ - ПРИЛЕП

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп - сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата констатиравме несоодветна примена на сметководственото начело на парично искажување поради што е констатирана неусогласеност на финансиските извештаи, недонесени акти, неправилно извршен попис на материјалните средства и залихите на материјали и неточно прикажување на ситниот инвентар на залиха.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

# 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитакните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" – Прилеп за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Васе Ризоска, директор од 05.05.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како

релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 до 16.04.2010 кај Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 01.04.2010 година. Наодите изнесени од ревизијата беа правилно разбрани и прифатени од страна на субјектот.

Не се примени забелешки по претходниот извештај на овластениот државен ревизор бр.09-154/5 од 2010 година.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1 Директорот на Домот нема подготвено извештај за работата на студентскиот дом за 2009 година, Управниот одбор нема донесено план за прием на студенти за сместување, не е донесен ценовник за сметување и исхрана и Правилник за финансиско и материјално работење, како што е предвидено со Законот за студентски и ученички стандард и Статутот на студентскиот дом.
Отсуството на наведените интерни акти овозможува нетранспарентно и незаконско работење доколку не се применуваат општите законски прописи соодветни за дејноста која ја извршуваат.

**Препорака**
Управниот одбор во најкраток можен рок да преземе активности за подготвување и донесување на наведените акти кои се дефинирани со Статутот на студентскиот дом и Законот за студентски и ученички стандард.

3.1.2 Студентскиот дом не ги пријавил неизмирените обврски на крајот на 2009 година во износ од 289 илјади денари, заради нивно евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во Трезорот. Ваквиот начин на работа не е во согласност со член 38 од Законот за буџети, го доведува во прашање подмирувањето на обврските како и реализацијата на Програмата на Домот за наредната година.

**Препорака**
Одговорното лице на Домот да ги пријавува преземените обврски на крајот на годината заради нивно евидентирање во единствената база на податоци во Трезорот.

## 3.2 Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.2.1 Поради несоодветна примена на основното сметководствено начело на парично искажување, во сметководствената евиденција на студентскиот дом неосновано се искажани приходи и расходи кои не се наплатени односно платени во пресметковниот период, што не е во согласност со член 18 од Законот и член 17 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на евиденција има за ефект, нереално и необјективно прикажување на приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи за пресметковниот период и неусогласеност помеѓу паричните средства во Билансот на состојба на ден 31 Декември 2009 година и остварениот вишок на приходи – добивка пред оданочување за износ од 760 илјади денари.

**Препорака**
Одговното лице во Домот да изврши конверзија и усогласување на применетиот пресметковен систем на сметководство со буџетското начело на парично искажување.

3.2.2 Во текот на 2009 година, студентскиот дом остварил приходи по основ на сместување и исхрана на ученици и студенти во износ од 6.925 илјади денари

без утврден ценовник, по цени кои не се предложени од страна на Управниот одбор и одобрени од министерот за образование. Ревизијата не доби доказ дека цените се формирани врз основа на реалните трошоци со нормативи и стандарди за овој вид на услуги. Остварени се приходи и од продажба на угостителските услуги за сместување и исхрана на други лица во износ од 276

илјади денари, без претходно утврден ценовник и приходи од користење на простор за разни свечености во износ од 271 илјади денари по цени кои не се одобрени од Управниот одбор. Наплатата на приходите без претходно утврден ценовник за секој вид на услуга не е во согласност со одредбите од член 36, 37 и 60 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард и Статутот на студентскиот дом, што создава ризик од необјективно одредување на цената за различни корисници. Поради тоа ревизијата не можеше да се увери во точноста, законитоста и целосноста на искажаните приходи по овие основи.

**Препорака**
За сите видови на услуги што ги нуди Домот, одговорните лица да преземат мерки и активности за формирање цени врз основа на реалните трошоци со нормативи и стандарди кои ќе бидат одобрени од страна на Управниот одбор, односно од министерот за образование за услугите за сместување и исхрана на ученици и студенти.

**Биланс на состојба**

3.2.3 Ревизијата констатира неусогласеност на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства на ден 31.12.2009 година за 221 илјади денари. Разликата потекнува од минати години и е резултат на неправилното сметководствено евидентирање на материјалните средства, што не е во согласност со член 19 од Законот и член 18 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници што има за ефект нереално и необјективно прикажување на наведените позиции во Билансот на состојба.

**Препорака**
Одговорниот сметководител да ги спроведе потребните корекции во сметководствената евиденција на Домот применувајќи го сметководственото начело на парично искажување.

3.2.4 Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2009 година не е извршен на начин предвиден со одредбите од член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници од следниве причини:

- Опремата не е обележана со инвентарни броеви, ниту е даден подетален опис на средствата, поради што е отежната постапката за квалитетно и правилно попишување;



__________________________

- Средствата чија што набавна вредност е целосно амортизирана не се попишани од страна на Пописната комисија;
- Пописната комисија не извршила попис на паричните средства, побарувањата и обврските преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи. Во врска со побарувањата и обврските не е утврдена правната основа за нивното постоење, не е потврдено дека состојбата на истите е уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирана во сметководствената евиденција, не се утврдени причините за ненавремената наплата и плаќање на истите, нивната старосна структура како и преземените активности за нивна реализација или отпис.
- За извршениот попис не е подготвен извештај од страна на пописната комисија, ниту е донесена одлука од Управниот одбор за евидентирање на расходот на ситниот инвентар.

Нецелосно извршениот попис не дава доволно уверување за реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година и го доведува во прашање постоењето на средствата.

**Препорака**
Одговорните лица да преземат активности целокупната опрема со која располага Домот да биде обележана со инвентарни броеви и да пропишат соодветни процедури и постапки за правилно спроведување на пописот согласно законските прописи.

3.2.5 Ревизијата констатира неправилно сметководствено евидентирање на набавката на ситниот инвентар и неговото ставање во употреба, што не е во согласност со член 6-15 од Законот и член 3 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Набавениот ситен инвентар не се евидентира на залиха, туку истиот целосно се става во употреба при набавката без оглед на тоа што со залихата е задолжен магационерот. Ваквиот начин на постапување има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбата на ситниот инвентар на залиха и во употреба.

**Препорака**
Одговорниот сметководител да преземе соодветни мерки, ситниот инвентар на залиха и во употреба да го разграничи и евидентира во сметководствената евиденција според материјалното задолжување по лица и корисници.

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесените наоди во точките 3.2.1 и 3.2.2, ревизијата не изразува уверување во однос на приходите и расходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за 760 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2009 година. Вкупниот ефект од наодот во точката 3.2.3 е преценување на активата и пасивата во Билансот на состојба за 221 илјади денари. Поради изнесените наоди во точките 3.2.4 и 3.2.5, кои се однесуваат на нецелосно извршен попис на средствата и изворите и неправилно сметководствено евидентирање на ситниот инвентар на залиха и во употреба ревизијата не изразува уверување во однос на искажаните билансни позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2.1 до 3.2.5, ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп - сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1 и 3.1.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп - сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 09.06.2010 година　　　　　　　　Овластен државен ревизор



________________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 7,518 | 8,539 |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 787 | 1,683 |
| **Вкупно приходи** | | **8,305** | **10,222** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 1,830 | 1,816 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 4,656 | 6,737 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоупра | 3.2.3 | 5 | 6 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4 | 291 | 52 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5 | 3 | 15 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **6,785** | **8,626** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 988 | 710 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **988** | **710** |
| **Вкупно расходи** | | **7,773** | **9,336** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **532** | **886** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | 6 | 99 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **526** | **787** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 1,315 | 1,317 |
| Побарувања | 4.1.2 | 195 | 118 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3 | 8 | 15 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4 | 702 | 733 |
| Залихи | 4.1.5 | 190 | 319 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,410** | **2,502** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 775 | 636 |
| **Вкупно постојани средства** | | **775** | **636** |
| **Вкупна актива** | | **3,185** | **3,138** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 289 | 67 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 62 | 61 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3 | 103 | 100 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.4 | 92 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.5 | 640 | 672 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6 | 815 | 1,064 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,001** | **1,964** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 1,184 | 1,174 |
| Ревалоризациона резерва | | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,184** | **1,174** |
| **Вкупна пасива** | | **3,185** | **3,138** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **857** | **317** | **1,174** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **224** | **1,175** | **1,399** |
| Набавки | 206 | 1,175 | **1,381** |
| Ревалоризација на капитални | 18 | | **18** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **85** | **1,304** | **1,389** |
| Дадени во употреба | | 1,304 | |
| Амортизација | 85 | | **85** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **996** | **188** | **1,184** |